| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | **Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е3.1 – постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад на дел од КП 11589/1 КО Старо Скопје-општина Гази Баба** |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје, |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | ОПШТИНА ГАЗИ БАБА |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Мила Искреновиќ, дипл. инж. Арх. |
| **Назив на работното место** | Потписници на Урбанистички проект |
| **Контакт податоци за лицето** | Друштво за урбанизам, проектирање и онженеринг ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје ,<br><br>ул. „Народен Фронт“ бр.5/12 Скопје |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Урбанистичкиот проект ќе се изработи во согласност со Условите за планирање на просторот технички бр. Y15520 од Декември 2020 година, Решение за услови за планирање УП1-15 1600/2020 од 25.12.2020 год., Имотниот лист, проектна програма, увид на лице место, ажурирана геодетска подлога, податоци и информации од Јавните претпријатија, а се во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20), како и друга релевантна законска регулатива. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** | | | |
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка** 13 | **Алинеја:** |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не, | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |

| |
|---|
| Цел на изработка на урбанистичкиот проект е да се формира една градежна парцела со намена Е3.1 – постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад на дел од КП 11589/1, КО Старо Скопје, општина Гази Баба, Скопје. Проектрниот опфат се наоѓа северно од индустриската зона која припаѓа на тешка индустрија по ГУП на Град Скопје(2012-2022 год.), а јужно од северната обиколница Скопје (А4), источмо од мв. Каменик КО Старо Скопје.<br>Предметната локација претставува девастиран простор, истиот е неплодно земјиште, каменик, така да потполно одговара за намената Е3.1- постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад и претставува проектен документ за кој е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.<br>Крајната цел на урбанистичкиот проект е да ги утврди параметрите , како и да ги утврди општите и посебните Услови за градење.<br>Изградбата на Е3.1 – постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад, ќе биде во функција на развој и унапредување на локалната економија на ова подрачје, кое има добра поставеност во однос на сообраќајните правци и текови во Република Македонија.<br>Со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт на заштита на животната средина се донесува ***Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.*** |
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Во Законот за урбанистичко планирање за урбанистички проект нема одреден период за донесување на планскиот документ |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Во Законот за урбанистичко планирање за урбанистички проект нема предвидено ревидирање на планскиот документ |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |
| Проектниот опфат се наоѓа јужно од северната обиколница Скопје (А4), источно од мв Каменик во КО Старо Скопје –општина Гази Баба.<br>Пристапот до проектираниот отпад е од постоен некатегоризиран пристапен пат КП 11633/2, КО Старо Скопје од источна страна.<br>Граница на проектниот опфат:<br>• Север: дел од КП 11589/1 , КО Старо Скопје<br>• Исток: дел од КП 11633/2, КО Старо Скопје<br>• Запад: дел од КП 11589/1 КО Старо Скопје<br>Површината на проектниот опфат изнесува 33 173м2. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). | |
|---|---|
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со реализација на планскиот документ се предвидува уредување на земјиште со намена Е3.1- постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад на дел од КО 11589/1, КО Старо Скопје, општина Гази Баба, Скопје. Новоизградените објекти во планскиот опфат, нема да бидат потенцијални извори на емисии, затоа што се работи за неопасен отпад, а ќе даде дополнителен допринос во постојната состојба на медиумите од животната средина на предметното подрачје.<br>Влијанијата кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој урбанистички проект, може да се разгледуваат од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на предвидените објекти во планскиот опфат не се очекува да предизвикаат долгорочни позитивни влијанија од социоекономски аспект. Изградбата на предвидените плански содржини, ќе овозможи отпочнување на инвестиции, кои брзо ќе се рефлектираат врз зголемување на економскиот приход, што ќе придонесе за унапредување на економијата. Ова значи дека ќе се понудат нови работни места за околното население, подобра бизнис клима, зголемување на животниот стандард и намалување на миграцијата.<br>Меѓутоа, разгледано од аспект на животна средина имплементацијата на урбанистичкиот проект може да предизвика негативни влијанија врз животната средина.<br>Најблиски рецептори на можните влијанија од имплементацијата на планските содржини се, земјоделското земјиште околу планскиот опфат.<br>Меѓутоа, веројатноста дека со одобрувањето на Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е 3.1 – постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад на дел од КП 11589/1 КО Саро Скопје- општина Гази Баба, има негативни влијанија врз животната средина, како во фаза на градба, така и во фаза на експлоатација на планираните објекти.<br><br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба ( емисија на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата- директни и индиректни, емисии на бучава, отпад и влијание врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br><br>Влијанијата кои ќе се јават во фаза на експлоатација на објектите се проценуваат како незначајни со долгорочен карактер, имајќи го во предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуваат на оваа локација. |

| | |
|---|---|
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Се предвидува дека планскиот опфат нема да предизвика значителни нарушување на квалитетот на медиумите од животната средина и здравјето на населението, како резултат на предвидените мерки за намалување или избегнување на влијанијата. Но, треба да се земе во предвид дека околу планскиот опфат постојат обработливи земјоделски површини, кои до одреден степен влијаат на квалитетот на медиумите од животната средина и здравјето на населението, од аспект на зголемени емисии во воздух, отпад, бучава, отпадни води, транспорт и сл. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии може да настане во случај на евентуални несреќи и хаварии (несакани истекувања, пожар, сообраќајни незгоди и сл). |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Граница на проектниот опфат:<br>• Север: дел од КП 11589/1 , КО Старо Скопје<br>• Исток: дел од КП 11633/2, КО Старо Скопје<br>• Запад: дел од КП 11589/1 КО Старо Скопје<br>Површината на проектниот опфат изнесува 33 173м2.<br><br>Општина Гази Баба 72.617 жители |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Изградбата на објектите предвидени со урбанистичкиот проект , ќе резултираат со подобрување на социоекономскиот развој на општина Гази Баба, преку зголемени приходи во Општината, зголемување на можностите за вработување на локалното невработено население, намалување на миграцијата, сиромаштијата и сл. | |

<table>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>. Активностите на локалното население како и сообраќајот допринесуваат за промена на квалитетот на одредени медиуми од животната средина. Новопредвидените активности во планскиот опфат, ќе бидат извори на емисии во воздух, вода, бучава, отпад, но се очекува истите да бидат контролирани и сведени во границите на максимално дозволени концентрации дефинирани во согласнот со националното законодавство.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Не е евидентирано природно и културно наследство</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Земјиштето на кое ќе се градат објектите не претставува земјоделско земјиште, туку неплодно земјиште, каменик кое треба да се пренамени во градежно за да може да отпочне со градба на предвидените содржини.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја подрачја.</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:</td></tr>
<tr><td colspan="2">За содржините предвидени во планскиот опфат дополнително ќе се утврдува потребата од Оцена на влијание на проектот врз животната.</td></tr>
</table>

| |
|---|
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):** <br> Проектниот опфат се наоѓа северно од индустриска зона која припаѓа на тешка индустија по ГУП на Град Скопје, јужно од северната обиколница Скопје (А4), источно од мв Каменик во КО Старо Скопје. Планираната намена не се очекува да има негативно влијание врз околните објекти, поготово тргнувајќи од фактот што во непосредна близина постојат објекти со намена Г1- тешка загадувачка индустрија за кои е спроведена постапка за Оцена на влијание на животната средина. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Донесувањето на Урбанистички проект вон опфат за урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е 3.1- постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на неопасен отпад на дел од КП 11589/1 КО Старо Скопје- општина Гази Баба, Ќе има влијание но не значително а кои се согледуваат во следните области од животната средина: <br> - Воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови во возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметните локалитети и начинот на загревање. Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот; <br> - Бучава- изклучиво само во фаза на реализацијана планот при греење и експлоатација на објектите. Имајќи во предвид дека урбаниот зафат е со намена Е 3.1 – постројки за термички, физичко – хемиски и хемиски третман на неопасен отпад на дел од КП 11589/1 КО Старо Скопје – општина Гази Баба, се очекува значајно негативно влијание врз животната средина; <br> - Отпад-во фаза на реализација и експоатација на содржините предвидени во рамките во рамките на урбаниот зафат не се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина(почва, подземни води, воздух итн.); <br> - Флора и фауна- негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни. Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови, како и карактеристични живеалишта. <br> Од аспект на одржливост, донесувањето на позитивно ќе влијае врз: <br> ✓ Привлекување на нова работна сила и вработување, <br> ✓ Обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот <br> ✓ Зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст, како и <br> ✓ Зголемување на нивото на животен стандард во општината. |

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Со уредувањето на земјиштето, со намена Е3.1- постројки за термички, физичко-хемиски и хемиски третман на отпад ќе се зголеми потрошувачката на вода, струја, а исто така ќе се зголеми и фрекфенцијата на сообраќајот. Но, исто така истите ќе бидат извори на емисии во воздухот од употребата на енергенс, работните активности и сообраќај, ќе се генерираат отпадни води, ќе се генерира неопасен отпад и бучава. Имајќи ја во предвид состојбата на подрачјето непосредна близина на земјоделски површини мора да бидат превземени мерки за контрола на емисиите(што ќе се дефинира во проектна документација), со цел да се намалат или избегнат негативните влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Плански опфат досега не бил третиран со Урбанистичка планска документација, но истиот е третиран во постапките на ПП на РМ за што се издадени Услови за планирање на просторот тех. бр. Y15520 од Декември 2020 година и Решение за услови за планиеање УП1-15 1600/2020 од 25.12.2020 година. Исто така Планскиот опфат е во корелација и со планските документи на град Скопје, Односно се тангира со ГУП на град Скопје (2012-2022)

- Демографски и економски-социјален профил на Општина Гази Баба 2009 година;
- Стратегија за ЛЕР на Општина Гази Баба 2013-2016 година;
- Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба 2014-2019 година.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Предметниот плански опфат не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Во подоцнежната фаза на ниво на проект, ќе се спроведе постапка за утврдување на потребата од оцена на влијание на проектот врз животната средина.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>Борис Георгиевски |
| **Датум: 01.03.2021 година**<br>**Бр. 08-247/6**<br>**Место: Скопје** | **М.П.** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ 1